3-И-0740-101_01-1

ЕЛЕКТРАНИ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**АД ЕЛЕКТРАНИ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - СКОПЈЕ, ДИРЕКЦИЈА**
11 Октомври 9, 1000 Скопје, П.фах 16, Р. Северна Македонија

**Бр.18-240/1**
**Скопје, 22.1.2021**

**До: АГЕНЦИЈА ЗА ЗАШТИТА НА ПРАВОТО ЗА СЛОБОДЕН ПРИСТАП НА ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР**

**Бул. Гоце Делчев бр 18, зграда на МРТВ,14 кат**
**1000 Скопје**

**Предмет**: Годишен извештај за 2020 година за спроведувањето на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер

Почитувани,

Согласно член 37 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер Акционерско друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје ви го доставува Годишниот извештај за 2020 година за спроведувањето на Законот за слободен пристап до информации.

Со почит,

**Службено лице за информации од јавен карактер:**

Мирче Котевски

**Генерален директор**

М-р Васко Ковачевски

**КО:**
- Архива

Изготвил:
Одобрил:

Согласно член 36 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Сл. весник на Р.С.М. бр.101/2019) за имателот на информации Акционерско друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје со скратен назив АД ЕСМ – Скопје, со седиште на ул. „11 октомври" бр.9, 1000, Скопје, тел, 02/3149-102, факс: 02/3149-492, email: contact@elem.com.mk, Мирче Котевски, овластено службено лице за информации од јавен карактер во АД ЕСМ го подготви следниот:

## ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ
**(од 1.01.2020 до 31.12.2020 година)**

1. Податоци за службените лица определени за посредување со информации кај имателите на информации;

Мирче Котевски, mirce.kotevski@elem.com.mk, тел. 02/3149-102, 071/306090

2. Број на примени барања;
**Во предметниот период се примени дваесет (20) барања за пристап до информации од јавен карактер.**

3. Број на позитивно одговорени барања;
**За седумнаесет (17) барања се донесени Решенија за позитивен одговор и на сите е одговорено позитивно. До 31 декември, 2020 г. едно барање се уште беше активно и во процедура за одговор (одговорено е во рок во јануари 2021 година).**

4. Број на одбиени и отфрлени барања со наведување на причините за секое одбиено или отфрлено барање;
**За 2 (две) Барања се донесени Решенија за целосно одбивање**.

5. Број на неодговорени барања
**Нема.**

6. Број на вложени жалби против првостепени одлуки (решенија на имателите на информации, со опис на одлуката, како и со наведување на причините за донесената одлука во случај на повторно одбивање на бараната информација);
**До АД ЕСМ-Скопје на 16.09.2020 година преку електронска пошта се пристигнати две (2) жалби проследени од Агенцијата за заштита на правото за пристап до информации од јавен карактер поднесени од ист барател, врз основа на донесени Решенија за целосно одбивање на две Барања за пристап до информации од јавен карактер од страна на АД ЕСМ-Скопје во својство на имател.**
**-Жалба 1:** На 16.09.2020 г. до АД ЕСМ доставена е жалба од страна на барателот Горан Лефков во врска со бараната информација „Листа на сите добавувачи на РЕК Битола од 2010-2020. АД ЕСМ-Скопје донесе Решение за целосно одбивање на Барањето со

образложение дека по разгледувањето на доставеното барање утврдено е дека станува збор за класифицирана информација со степен „интерно" согласно Правилникот за деловна тајна на друштвото УО бр.02-2213/31/2 од 23.04.2018 година. Незадоволен од вака донесеното Решение барателот изјавил жалба во која наведува дека ваков вид на информација веќе добил од други државни институции. Според одговорот на Жалбата на АД ЕСМ-Скопје, ваквите наводи се паушални и неосновани. АД ЕСМ редовно ги исполнува сите обврски согласно позитивните законски прописи и целокупните постапки, информации кои се однесуваат на финансиското работење се јавно достапни информации. Агенцијата за заштита на правото за пристап до информации од јавен карактер донесе одлука со која ја усвои жалбата на Барателот, го поништи Решението за целосно одбивање и предметот го врати на повторно постапување. По добивање на одлуката од Агенцијата, повторно е разгледано Барањето и направен е Тест за штетност за да се проверат последиците врз интересот кој се заштитува, односно јавниот интерес што би се постигнал со објавување на информацијата. Согласно член 25 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер и резултатите од спроведениот тест за штетност, повторно се донесе Решение за целосно одбивање, со оглед дека не се утврди евентуална последица од необјавувањето на таквата информација и дека со објавувањето на бараната информација последиците врз интересот кој се заштитува се помали од јавниот интерес утврден со закон што би се постигнал со објавувањето на информацијата, со што во целост е исполнет условот за одбивање на барањето.
На донесеното Решение, не е поднесена жалба од Барателот.

**-Жалба 2:** На 16.09.2020 г. до АД ЕСМ-Скопје доставена е жалба од страна на барателот Горан Лефков во врска со бараната информација „Дневни извештаи за ангажирање на механизација од надворешни економски оператори во РЕК Битола во периодот 01.01.2016 до 31.12.2019 година". АД ЕСМ-Скопје донесе Решение за целосно одбивање на Барањето со образложение дека по разгледувањето на доставеното барање утврдено е дека станува збор за класифицирана информација со степен „интерно" согласно Правилникот за деловна тајна на друштвото УО бр.02-2213/31/2 од 23.04.2018 година. АД ЕСМ-Скопје редовно ги исполнува сите обврски согласно позитивните законски прописи и целокупните постапки за јавни набавки редовно ги објавува на електронскиот систем за јавни набавки. Имено, главна дејност на Друштвото е производство на електрична енергија за која цел користи разни видови на механизација во зависност од тоа дали се работи за ископи, градежна оператива итн, а врз основа на претходни испитувања, стручни мислења, научни студии, проекти и слично кои дефакто претставуваат деловна тајна и чија достапност е регулирана со интерен акт на друштвото. Со цел да се утврди дали преовладува јавниот интерес над интересот на друштвото во однос на бараната информација, било да станува збор за „фактури" или „дневни извештаи" АД ЕСМ-Скопје спроведе Тест за штетност со кој се утврди дека сите неопходни и релевантни информации во врска со функционирањето на друштвото се веќе јавно достапни имајќи во предвид дека станува збор за АД во државна сопственост. Агенцијата за заштита на правото за пристап до информации од јавен карактер донесе одлука со која ја усвои жалбата на Барателот, го поништи Решението за целосно одбивање и предметот го врати на повторно постапување. По добивање на одлуката од Агенцијата, повторно е

разгледано Барањето и направен е Тест за штетност за да се проверат последиците врз интересот кој се заштитува, односно јавниот интерес што би се постигнал со објавување на информацијата. Согласно член 25 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер и резултатите од спроведениот тест за штетност, повторно се донесе Решение за целосно одбивање, со оглед дека не се утврди евентуална последица од необјавувањето на таквата информација и дека со објавувањето на бараната информација последиците врз интересот кој се заштитува се помали од јавниот интерес утврден со закон што би се постигнал со објавувањето на информацијата, со што во целост е исполнет условот за одбивање на барањето. На донесеното Решение, не е поднесена жалба од Барателот.

7. Број на усвоени жалби со одлука на Агенцијата;
**За 2 (две) Барања за кои АД ЕСМ-Скопје донесе Решенија за целосно одбивање, поднесени се жалби до Агенцијата, по што, АД ЕСМ-Скопје ја достави потребната документација и Одговор на поднесените жалби, а Агенцијата донесе одлуки со кои ги усвои жалбите на Барателот и ги поништи двете Решенија на АД ЕСМ-Скопје за целосно одбивање. По добивање на одлуките од Агенцијата, АД ЕСМ-Скопје повторно ги разгледа Барањата и направи Тест за штетност, врз основа на кои донесе Решенија за целосно одбивање. На двете нови Решенија на АД ЕСМ-Скопје за целосно одбивање, не е поднесена жалба од Барателот.**

8. Број на преиначени првостепени одлуки по постапување на Агенцијата
**Нема.**

9. Број на одбиени жалби од Агенцијата и причини за нивно одбивање и
**Нема.**

10. Број на отфрлени жалби од Агенцијата и причини за нивно отфрлање.
**Нема.**

**ПОДГОТВИЛ:**
**СЛУЖБЕНО ЛИЦЕ ЗА ИНФОРМАЦИИ**
**ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР ВО АД ЕСМ-Скопје**
**Мирче Котевски**

**ИМАТЕЛ НА ИНФОРМАЦИИ**
**АД ЕСМ-Скопје**
**ГЕНЕРАЛЕН ДИРЕКТОР**
**М-р Васко Ковачевски**

**Скопје, 22.1.2021 година**